**ГАБЕРОВ Марјан**

**УДК: 343.61:364.63-027.552(497.7)**
**343.61:343.54/.55(497.7)**

# УБИСТВО ПРИ ВРШЕЊЕ НА СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО

**Апстракт:** Потребата за инкриминирање на семејното насилство од страна на државата има своја оправданост, која се состои во фактот да се гарантира сигурноста на секој поединец, како и заштитата на неговиот телесен и морален интегритет. Инкриминирањето на семејното насилство во Република Македонија е направено преку негова опфатеност во рамките на Кривичниот законик на државата, во различни кривични дела. Во рамките на сетот на кривични дела кои може да се подведат под семејното насилство во Република Македонија, посебно внимание привлекува кривичното дело Убиство при вршење на семејно насилство. Предмет на овој труд е определувањето и анализирањето на законското битие на Убиството при вршење на семејно насилство, како би се определиле сите карактеристики на ова тешко кривично дело.

**Клучни зборови:** *убиство, насилство, семејство, агресија, живот*

**GABEROV Marjan**

# MURDER DURING EXECUTION OF DOMESTIC VIOLENCE

**Abstract**: The need for incriminating domestic violence by the state has its own justification, which is consisted in ensuring the security of each individual, as well as the protection of his physical and moral integrity. Incrimination of domestic violence in Republic of Macedonia has been done through its coverage within the Criminal Law of the State in various criminal acts. Within the set of crimes that can be brought under domestic violence in the Republic of Macedonia, special attention is drawn to the criminal act Murder during execution of domestic violence. The subject of this paper work is the determination and analysis of the legal being of the Murder during execution of domestic violence, in order to determine all the characteristics of this serious criminal act.

**Keywords:** *murder, violence, family, aggression, life*

## 1. Оправданост за инкриминација на убиството при вршење на семејно насилство

Инкриминирањето на семејното насилство оди дотаму што не го зема во предвид фактот дека овој вид на насилство се случува во рамките на семејството, во една приватна сфера, која е забранета за останатите лица. Токму сериозноста на последиците доведува до инкриминирање на овие дејствија и навлегување во таа приватна сфера во рамките на семејството. Со ова доволно се покажува ставот на самата државата за проблемот на семејното насилство кај нас, како и за потребата од негово казнено правно уредување, односно инкриминирање во рамките на Кривичниот законик на Република Македонија.[1] Исто така и меѓународните документи кои се однесуваат на семејното насилство и истото го третираат како тежок насилнички криминалитет и флагрантно кршење на човековите слободи и права, доведуваат до обврска за државите истото да го инкриминираат.[2]

[1] Мирчева, С. (2007). *Инкриминацијата на семејно насилство и полициската практика во Република Македонија*. Скопје: Полициска Академија – Скопје, Годишник на полициската академија, стр. 365.
[2] Markovic, I. (2003). *Primjena odredbe o nasilju u porodici u Republici Srpskoj.* Beograd: Temida, 2003.

За оправданоста на навлегување во оваа приватна сфера говори и судската пракса на Европскиот суд за човекови права во случајот Bevacqua and S. v. Bulgaria.[3] Непостапувањето од страна на институциите, конкретно од страна на судот на Бугарија, во овој предмет и третирањето на семејното насилство како “приватна работа”, е утврдено од страна на Европскиот суд за човекови права дека истото претставува повреда на одредбите од Европската конвенција за заштита на човековите слободи и права, односно постапувањето на овој начин од судот не е во согласност и се коси со обврската на државата да го заштити семејниот живот на жената, односно тужителката во конкретниот спор.[4]

Карактеристично за казнено правната заштита од семејно насилство во Република Македонија е тоа што не постои посебна инкриминација на кривично дело семејно насилство, туку законодавецот се решил за пристап на инкриминирање на семејното насилство во рамките на различни кривични дела од Кривичниот законик на Република Македонија.

Ваквиот пристап на казнено правна уреденост на семејното насилство го потенцира и Мирчева, според која не може да се зборува за едно единствено дело на семејно насилство, туку единствено може да се работи за кривични дела кои се сторуваат и извршуваат во контекст на семејното насилство.[5] Актите и дејствијата кои што значат сторување на семејно насилство се инкриминирани во повеќе кривични дела од Кривичниот законик, во кои како квалификаторен елемент се зема во предвид односот кој го имаат сторителот на делото и жртвата, однос кој укажува на интимност и блискост.

За прв пат во Република Македонија семејното насилство е инкриминирано со измените и дополнувањата на Кривичниот законик од 2004 година, препознавајќи го семејното насилство како проблем на целото општество, за кој е неопходна реакција од страна на државата.[6]

Кривичните дела кои по своите појавни облици може да се подведат под широкиот поим на семејно насилство, оставаат огромни и штетни последици, како по жртвата, така и по општеството во целина, па токму затоа државата при инкриминирањето на овие кривични дела прифаќа пристап преку кој применува посторги казни за истите дела, земајќи го како квалификаторен елемент, токму фактот дека делото се случило во рамките на семејството при вршењето на семејното насилство.

Оваа строгост на казнување на сторителите на кривичните дела на семејното насилство е утврдена и во Националната стратегија за спречување и заштита од семејно насилство на Република Македонија за периодот 2012 – 2015 година, според која кај процесуирањето на овие дела е прифатен и имплементиран принципот на официјалност, принципот на преземање на кривично гонење кон сторителите на овие кривични дела по службена должност.[7]

## 2. Казнено – правна заштита од семејно насилство

Инкриминациите за семејното насилство од Кривичниот законик на Република Македонија, ги заштитуваат жртвите од различни видови на семејно насилство, имајќи ги во предвид начините на сторување на семејното насилство, последиците кои настануваат како резултат на тоа семејно насилство, како и лицата кои се појавуваат како сторители на овие

[3] CASE OF BEVACQUA AND S. v. BULGARIA, Application no. 71127/01, European court of Human Rights, 2008.

[4] Мицковиќ, Д., Ристов, А., (2014). *Европско семејно право.* Скопје: Правен факултет – Јустинијан први – Скопје.

[5] Мирчева, С. (2011). *Анализа на националната легислатива и идентификување на основните области кои треба да се усогласат со одредбите на Конвенцијата на Советот на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и домашното насилство – CAHVIO.* Скопје: УНДП.

[6] Закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик, Сл. Весник на Република Македонија, бр. 19/2004.

[7]Национална стратегија за спречување и заштита од семејно насилство 2012 – 2015 година, Министерство за труд и социјална политика на Република Македонија, Влада на Република Македонија, 2012 год., стр. 26.

кривични дела. Така, во оваа смисла може да се зборува за казнено правна заштита од физичко семејно насилство, казнено правна заштита од психичко семејно насилство и казнено правна заштита од сексуално семејно насилство. Во предметот на семејното насилство, во контекст на обезбедувањето на казнено правната заштита во државата може да се подведат следните кривични дела: првата група: убиство од член 123 ст. 2 од КЗ, убиство на миг од член 125 од КЗ, телесна повреда од член 130 ст. 2 од КЗ, тешка телесна повреда од член 131 ст. 2 од КЗ и загрозување со опасно орудие при тепачка или караница од член 133 од КЗ, како дела со кои се остварува казнено правна заштита од физичкото семејно насилство, втората група: присилба од член 139 ст. 2 од КЗ, противправно лишување од слобода од член 140 ст. 2 од КЗ и загрозување на сигурноста од член 144 ст. 2 од КЗ, како дела со кои се остварува казнено правна заштита од психичко семејно насилство, третата група: силување од член 186 од КЗ, обљуба врз немоќно лице од член 187 ст. 4 од КЗ, полов напад врз дете од член 188 ст. 1 од КЗ и посредување при вршење на проституција од член 191 ст. 3 од КЗ, како дела со кои се остварува казнено правна заштита од сексуалното семејно насилство.[8]

## 3. Убиство при вршење на семејно насилство

Кривичното дело убиство од член 123 ст. 2, кое што е определено како убиство при вршење на семејно насилство по своите особености претставува тешко или квалифицирано убиство. Дефинирањето на овој вид на квалифицирано убиство може да се направи преку аналогија од дефиницијата за основното дело на убиство, според која убиството е определено како лишување од живот на некое друго лице. Што се однесува пак до убиството кое што се случува при вршење на семејно насилство треба да се има во предвид дека истото се случува во рамките на семејството. Со оваа инкриминација се заштитува животот на човекот, како објект на заштита, кој што е неприкосновен и за истиот постои апсолутна заштита.

Камбовски укажува на фактот дека за да постои квалифицирано или тешко убиство, најпрво мора некое лице да биде лишено од живот, како воопшто би се работело за убиство, и да постојат такви околности кои законски се определени и го подигнуваат степенот на неправото, како и степенот на вина на сторителот на ваквиот вид на убиство. Со оглед на овие околности за сторителот се пропишуваат потешки казни за разлика од основното дело на убиство.[9] Според Stojanovic и Peric за извршувањето на тешките, квалификуваните облици на убиства кај сторителот мора да постои директна умисла за извршување на делото, иако треба да се има во предвид фактот дека истите дела можат да бидат извршени и со евентуална умисла.[10] Atanackovic тешките или квалифицирани убиства ги определува како убиства во кои некое лице се лишува од живот, исто како и кај обичните убиства, со таа разлика што кај овој вид на убиства постојат определени квалификаторни околности, кои допринесуваат овие дела да се сметаат за тешки.[11] Поделбата на обични убиства, квалифицирани убиства и привилегирани убиства според Babic и Markovic, настанува како резултат што лишувањето на некое лице не може да се подведе единствено под едно кривично дело на убиство, па затоа е потребно внатрешна систематизација, опфаќајќи ги различните видови на убиства.[12]

Каневчев смета дека постојат две околности според кои убиството при вршење на семејно насилство може да се квалификува, како тешко или квалифицирано убиство, и тоа, првата околност, според која извршувањето на ваквиот вид на убиство се извршува по претходно

[8] Член 123 ст. 2, Член 125, Член 130 ст. 2, Член 131 ст. 2, Член 133, Член 139 ст. 2, Член 140 ст. 2, Член 144 ст. 2,Член 186, Член 187 ст. 4, Член 188 ст. 1 и Член 191 ст. 3 од Кривичен законик, „Сл. весник на Република Македонија бр. 37/1996, 80/1999, 4/2002, 43/2003, 19/2004, 81/2005, 60/2006, 73/2006, 7/2008, 139/2008, 114/2009, 51/2011, 135/2011, 185/2011, 142/2012, 166/2012, 55/2013, 82/2013, 14/2014, 27/2014, 28/2014, 41/2014, 115/2014, 132/2014, 160/2014, 199/2014, 196/2015, 226/2015, 97/2017.

[9] Камбовски, В. (2003). *Казнено право – посебен дел.* Скопје: Просветно дело АД Скопје.

[10] Stojanovic, Z., Peric, O. (2006). *Krivicno pravo - posebni deo.* Beograd: Pravni fakulteta Univerziteta u Beogradu.

[11] Atanackovic, D. (1981). *Krivicno pravo-posebni deo.* Beograd: Privredna Stampa.

[12] Babic, M., Markovic, I. (2005). *Krivicno pravo – posebni deo.* Banja Luka: Univerziteta u Banja Luka, Pravni fakultet.

малтретирање кое што подолго време се повторувало и кое што добило системска природа, навредување на личноста, загрозување на нејзината сигурност, телесно повредување, полово насилство, психичко насилство, физичко насилство спрема жртвата, и како резултат на сите овие дејствија се создало чувство на несигурност, страв и загрозување, и втората околноста, е онаа која се однесува на лицата кои се појавуваат како сторители на ова дело и лицата кои се пасивни субјекти на истото, односно дека се работи за лица кои се наоѓаат во семејни или други блиски односи.[13]

Слично и Камбовски наведува два услови кои што мораат да бидат исполнети за кривичното дело убиство при вршење на семејно насилство да биде квалификувано како тешко квалифицирано убиство. Условите кој тој ги наведува се од субјективна природа и објективна природа. Субјективната природа укажува на односот на блискост кој што е воспоставен помеѓу сторителот на делото и помеѓу жртвата, додека пак објективната природа укажува на оние дејствија кои значат и можат да се подведат под широкиот поим на семејно насилство, како начини на сторување на ова кривично дело.[14]

Како што може да се забележи за да постои кривичното дело убиство при вршење на семејно насилство потребно е да бидат исполнети неколку елементи, треба истото да биде извршено во рамките на семејството како една затворена општествена група, сторувањето на ваквото дело предизвикува чувство на несигурност, страв, загрозување. Како извршители на ова кривчно дело и како жртви на истото може да се појават сите лица кои живаат во рамките на семејството. Токму оваа околност, дека овој вид на убиство се извршува во рамките на семејството, допринесува истото да биде квалификувано, како тешко, односно кавлифицирано убиство.

Согласно тежината на кривичното дело Кривичниот законик на Република Македонија предвидува казна затвор за сторителот на делото од најмалку 10 години или доживотен затвор, што во компарација со казната за основниот облик на кривичното дело убиство може да се забележи дека тука, кај убиството при вршење на семејно насилство, казните се многу повисоки и построги.[15]

## 4. Заклучок

Сторувањето на било кое кривично дело има трајни и штетни последици, како за жртвата на самото кривично тело, така и за целокупното општество. Овие последици кај кривичното дело “Убиство”, конкретно кај кривичното дело Убиство при вршење на семејно насилство, се ненадоместливи, од проста причина што со дејствијата на истото се одзема животот на едно лице, како нешто кое што е неприкосновено и апсолутно заштитено.

Посебна квалификаторна околност која што го определува “Убиството при вршење на семејно насилство”, како тешко, односно како квалифицирано кривично дело, е токму фактот што истото се случува во рамките на едно семејство, се случува во рамките на една средина која по природа на нештата треба да биде хармонична, идилична, пријатна. Изразената деструктивност и штетноста на последиците од сторувањето на ова кривично дело, треба да претставуваат дополнителен мотив за целокупниот систем, за во претходна фаза да се преземат соодветни мерки за негово сузбивање и превенирање.

[13] Каневчев, М. (2015). *Квалифицирани (тешки) убиства.* Скопје: Здружение за кривично право и криминологија. Нов ЗКП – правичен баланс меѓу ефективноста на кривичниот прогон и ефективна одбрана, Македонска ревија за казнено право и криминологија, , година 22, бр. 1, стр. 4.

[14] Камбовски, В. (2011). Коментар на кривичниот законик на Република Македонија. Скопје: Клуб Матица.

[15] Член 123 ст. 2 од Кривичен законик, „Сл. весник на Република Македонија бр. 37/1996, 80/1999, 4/2002, 43/2003, 19/2004, 81/2005, 60/2006, 73/2006, 7/2008, 139/2008, 114/2009, 51/2011, 135/2011, 185/2011, 142/2012, 166/2012, 55/2013, 82/2013, 14/2014, 27/2014, 28/2014, 41/2014, 115/2014, 132/2014, 160/2014, 199/2014, 196/2015, 226/2015, 97/2017.

**БИБЛИОГРАФИЈА:**


1) Atanackovic, D. (1981). Krivicno pravo-posebni deo. Beograd: Privredna Stampa.
2) Babic, M., Markovic, I. (2005). Krivicno pravo – posebni deo. Banja Luka: Univerziteta u Banja Luka, Pravni fakultet.
3) Камбовски, В. (2003). Казнено право – посебен дел. Скопје: Просветно дело АД Скопје.
4) Камбовски, В. (2011). Коментар на кривичниот законик на Република Македонија. Скопје: Клуб Матица.
5) Каневчев, М. (2015). Квалифицирани (тешки) убиства. Скопје: Здружение за кривично право и криминологија. Нов ЗКП – правичен баланс меѓу ефективноста на кривичниот прогон и ефективна одбрана, Македонска ревија за казнено право и криминологија, , година 22, бр. 1, стр. 4.
6) Markovic, I. (2003). Primjena odredbe o nasilju u porodici u Republici Srpskoj. Beograd: Temida, 2003.
7) Мирчева, С. (2007). *Инкриминацијата на семејно насилство и полициската практика во Република Македонија*. Скопје: Полициска Академија – Скопје, Годишник на полициската академија, стр. 365.
8) Мирчева, С. (2011). Анализа на националната легислатива и идентификување на основните области кои треба да се усогласат со одредбите на Конвенцијата на Советот на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и домашното насилство – CAHVIO. Скопје: УНДП.
9) Мицковиќ, Д., Ристов, А., (2014). Европско семејно право. Скопје: Правен факултет – Јустинијан први – Скопје.
10) Stojanovic, Z., Peric, O. (2006). Krivicno pravo - posebni deo. Beograd: Pravni fakulteta Univerziteta u Beogradu.
11) CASE OF BEVACQUA AND S. v. BULGARIA, Application no. 71127/01, European court of Human Rights, 2008.
12) Кривичен законик, „Сл. весник на Република Македонија бр. 37/1996, 80/1999, 4/2002, 43/2003, 19/2004, 81/2005, 60/2006, 73/2006, 7/2008, 139/2008, 114/2009, 51/2011, 135/2011, 185/2011, 142/2012, 166/2012, 55/2013, 82/2013, 14/2014, 27/2014, 28/2014, 41/2014, 115/2014, 132/2014, 160/2014, 199/2014, 196/2015, 226/2015, 97/2017.
13) Закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик, Сл. Весник на Република Македонија, бр. 19/2004.
14) Национална стратегија за спречување и заштита од семејно насилсто 2012 – 2015 година, Министерство за труд и социјална политика на Република Македонија, Влада на Република Македонија, 2012 год., стр. 26.